**Известување за концентрација со која АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., Словенија и физичкото лице Јадранка Приморац Хрватска ќе стекнат заедничка контрола над ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. Хрватска (предмет бр. 08-107/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 02.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Словенија и физичкото лице Јадранка Приморац, Хрватска ќе стекнат заедничка контрола над ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување, со регистрирано седиште на улица Кнез Бранимир 71Е, Загреб, Хрватска

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Намеруваната Концентрација се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Словенија („**АЛПЕ Хелт**") и физичкото лице Јадранка Приморац со адреса на улица Шестински вијенац 15А, Загреб, Хрватска („**ЈП"**), над ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување, со регистрирано седиште на улица Кнез Бранимир 71Е, Загреб, Хрватска („**Целно друштво**" или „**ОРИГО ЗДРАВЉЕ**") („**Трансакција**" или „**Концентрација**").

АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., е член на АЛФИ СКЛАДИ, најголемата група за управување со алтернативни инвестициски фондови во Словенија, која вклучува шест различни алтернативни фондови со средства под управување во вредност од над 500 милиони евра.

Регистрираната дејност на АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., се други деловни и менаџерски консултантски активности.

АЛФИ Групата моментално има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со регистрирано

седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со други производи за домаќинството.

Јадранка Приморац, Хрватска е единствен содружник во Друштвото КОНЗОРЦИУМ д.о.о. за советување и управување, со регистрирано седиште во Загреб, Трг Џон Фицџералд Кенеди 6Б.

КОНЗОРЦИУМ д.о.о. за советување и управување нема поврзани друштва, подружници или претставништва основани во Македонија и не остварува никаков приход на територијата на Република Северна Македонија.

Регистриранaта дејност на ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување е дејност на бизнис и менаџмент консултантски активности.

ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување нема подружници, претставништва или филијали во Северна Македонија, ниту остварува било каков приход на територијата на Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето предметната концентрација се однесува на пазарот на здравствена заштита во Хрватска.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.07.2025 година
Скопје